# Предизвици на признавањето и извршувањето на странските судски одлуки



Судската пракса

# Два предизвика на судската пракса:

1. **Признавање на привремени мерки**
2. **Признавање на посвојување на полнолетни лица**





## Предизвик бр.1

- Во случај, што се водел пред судот на Санкт Петерсбург, правното лице „Ермитаж" регистрирано во Кипар, со седиште во Санкт Петерсбург го разрешило својот Управител Алексеј Б. на 20.03.2023 година, а на 24.03.2023 година повело спор против управителот, за неовластено отуѓување на акциите на правното лице.
- Судот во Санкт Петерсбург, на 28.04.2023 година донел привремена мерка со која се забранува било какво понатамошно отуѓување на имотот на правното лице, до правосилноста на пресудата.
- Имотот на правното лице се состоело во повеќе компании во Русија, но и сериозни компании во Кипар, Азербејџан и Македонија.

# Предизвик бр.1



- Поради разлики во регистрацијата на промената на Управителот на правното лице пред Регистарот во Кипар (постапката трае 14 дена) Управителот на правното лице се обидел да ги префрли акциите од компанијата во Македонија на трето лице на 05.05.2023 година.
- Антиципирајќи го ваквото однесување на сменетиот Управител, преку полномошник, правното лице „Ермитаж“ на 03.05.2023 година поднел предлог за признавање на времената мерка со што би се спречил преносот на акциите на компанијата во Македонија на трето лице.

# Дилеми

- **Согласно ЗМПП 2020:**
  - Странска судска одлука се изедначува со одлука на суд на Република Северна Македонија и произведува правно дејство во Република Северна Македонија само ако ја признае судот на Република Северна Македонија. (чл. 158 ст.1)
  - Како странска судска одлука се смета одлука на суд на странска држава. (чл.157 ст.1)
  - Овој закон содржи правила за определување на меродавното право приватноправните односи со меѓународен елемент, правила за надлежноста на судовите и другите органи за расправање на тие односи и правила за постапката, како и правила за признавање и извршување на странски судски одлуки и одлуки на други органи. (чл.1)





# Основни пречки во признавањето и извршувањето на привремената мерка

- (1) Подносителот на барањето за признавање на странска судска одлука е должен кон предлогот за признавање на странската судска одлука, да ја приложи странската судска одлука во оригинал или заверен препис и да приложи потврда од надлежниот странски суд, односно друг орган за правосилноста на одлуката според правото на државата во која е донесена. (чл.159 ст.1)
- Судот на Република Северна Македонија ќе го одбие признавањето на странската судска одлука, ако една од странките докаже дека:
  - 1) поради неправилности во постапката, не можела да ги истакнува своите средства за одбрана или
  - 2) поканата, тужбата или решението со кое е започната постапката не и биле лично доставени, односно дека воопшто немало ниту обид за лична достава, освен ако на кој и да било начин се впуштила во расправање за главната работа во првостепената постапка или
  - 3) не и било оставено доволно време за подготвување на својата одбрана од моментот на доставување на тужбата до закажувањето на расправа. (чл.164)

# Компаративен преглед



- Регулатива Брисел 1 (1215/2012)Mutual legal assistance shall include:
  - For the purposes of Chapter III, ‘judgment’ includes provisional, including protective, measures ordered by a court or tribunal which by virtue of this Regulation has jurisdiction as to the substance of the matter. It does not include a provisional, including protective, measure which is ordered by such a court or tribunal without the defendant being summoned to appear, unless the judgment containing the measure is served on the defendant prior to enforcement;

# Компаративен преглед

- Шпанскиот закон за меѓународна судска соработка во граѓанска материја во чл. 41 ст.4 предвидува:
- „Признавањето извршувањето на заштитни и привремени мерки е можно, кога мерките содржат повреда на ефективната судска заштита, доколку истите се донесени откако спротивната страна имала можност да се произнесе против нив.“





# Анализа на прашањето за признавање и извршување на привремени мерки

- **Дали привремените мерки потпаѓаат под чл. 1 на ЗМПП ?**
- **Дали привремените мерки се сметаат за странски судски одлуки ?**
- **Дали овие одлуки се правосилни, односно дали се сметаат за конечни и обврзувачки ?**

# 1. Дали привремените мерки потпаѓаат под чл. 1 на ЗМПП ?



- Принципот на територијалитет
- Материјално правниот аспект на одлуката
  - Привремените мерки во основа се индиректно поврзани со односот што се регулира
  - Тие се дел на заштитниот механизам на правниот однос, ефектуиран со јурисдикциониот аспект на правната моќ.
  - Независно на ваквата позиција, тие произлегуваат од некој правен однос, со точно определена намена, да го заштитат правниот однос до донесувањето на конечната пресуда.

# 2. Дали привремените мерки се сметаат за странски судски одлуки ?

- Како се толкува поимот „странска судска одлука“ ?
- ЗМПП не наведува посебни видови на судски одлуки (освен судски порамнувања) и го запазува принципот на територијалитет.
- Целта на ваквото решение е судот да не се ограничи со терминолошки проблеми и да се има што пошироко толкување на терминот.
- Проблемот се јавува во третманот на странскиот елемент кај привремените мерки, бидејќи се дава исклучива надлежност во извршувањето на судот што да донел привремената мерка.
- Недореченост на ЗМПП и кај привремените мерки на физички лица (чл.18)





# 3. Дали привремените мерки содржат атрибут на правосилност ?

# Дилеми околу правосилноста на привремените мерки



- Проблемот произлегува од членот 159 од ЗМПП
- Неспорно е дека на привремените мерки им недостига материјално правна правосилност (самиот назив на овие одлуки го потврдува тоа)
- Неспорно е дека овие одлуки имаат одлики на формална правосилност
- Поентата на членот 159 – Одлуката да е конечна, со цел да се поддржи правната сигурност и да се избегне подоцнежно укинување на решението за признавање

# Разлики во однос на res iudicata принципот

- Странските судски пресуди кои се правосилни имаат својство на res iudicata и можат да циркулираат
- Ова својство значи дека не можат веќе да се менуваат со редовни правни лекови
- Својството на res iudicata зависи од материјално правниот карактер на пресудата
  - Пресудите во граѓански и трговски работи се најчесто такви
  - Пресудите од семејното право, особено оние што се однесуваат на децата имаат посебно res iudicata својство





# Привремените мерки како одлуки

- Самото име на овие одлуки го изразува нивниот карактер – одлуки што имаат за цел конечно да не го решат дадениот спор, туку да создадат услови за идно исполнување на барањата на доверителите
- Овие одлуки се донесени во рамките на еден правен систем и се изврши во тие рамки
- Кој пат да се следи
  - **Ако не се признае res iudicata својството**, се отвара пат за повреда на правото на доверителот, бидејќи признавањето на конечната пресуда често се случува во многу доцна фаза од решавањето на проблемот
  - **Ако се признае res iudicata својството**, можно е да се повредат правата на должниците, од одлука донесена во забрзана постапка со лимитирани можности за одбрана.

# II. Признавање на одлука за посвојување на полнолетно лице



- Мајлинда Б. со македонско државјанствво, а со живеалиште во Падерборн, Германија, на 10.11.2023 година поднела предлог за признавање на одлука за посвојување од страна на нејзината тетка и тетин во Германија.
- Проблемот се содржи во тоа што одлуката за признавање е донесена на 05.05. 2023 година кога таа имала 21 година.
- Како ќе постапите ?

# Правни последици на посвојувањето во Законот за семејството

- Неможност за склучување на брак помеѓу лица чие сродство е засновано со посвојување (чл.20)
- Не е дозволено утврдување или оспорување на мајчинство и татковство во случај кога родителскиот однос настанал со посвојување (чл.75)
- Родителското право престанува со полнолетство на детето, со стапување во брак на детето пред полнолетството и со посвојување(чл.93).
- Со потполното посвојување престануваат заемните права идолжности меѓу посвоеното дете и неговото поранешно семејство (чл.113 ст.2).
- Само малолетно лице може да биде посвоено (чл.96)
- Видови посвојување:
  - Потполно посвојување – создавање на односи што настануваат со раѓањето
  - Непотполно посвојување – само односи што постојат меѓу родители и деца





# Посвојување на полнолетно лице во компаративното право

- Германија –
  - мора да биде морално оправдано
  - Блиски односи во подолг период
  - Разлика во години во сразмер на родител дете
  - Намера да се грижат меѓусебно при финансиски и здравствени проблеми
  - Правниот однос со постоечкото семејство останува
- Грција
  - Само за роднини до четврти степен со раѓање или брак
  - Најчесто за деца од поранешни бракови
  - Мора да има завршено четврта година и да биде најмалку 18 постар од посвоеникот
  - Ако посвоеникот е во брак, треба и согласност од брачниот другар
  - Со посвојувањето врските со претходното семејство остануваат.

# Можни проблеми



- Директна надлежност
- Судир на законите
- Признавање и извршување

# Директна надлежност (Чл.136 ЗМПП)

- (1) Органот на Република Северна Македонија е надлежен да одлучува за посвојување и за престанок на посвојувањето ако барем еден од посвоителите или посвоеникот е државјанин на Република Северна Македонија или има вообичаено престојувалиште во Република Северна Македонија, во времето на поведување на постапката за посвојување.
- (2) Ако посвоеникот е државјанин на Република Северна Македонија и има вообичаено престојувалиште во Република Северна Македонија во времето на поведувањето на постапката за посвојување, надлежноста на органот на Република Северна Македонија за работите од ставот (1) на овој член е исклучива.





# Судир на законите (Чл.50)

- (1) За условите за засновување на посвојување, дејството и за престанокот на посвојувањето меродавно е правото на државата чиј државјанин е посвоителот.
- (2) Ако брачните другари заеднички посвојуваат, меродавно е правото на државата чие што државјанство имаат двајцата брачни другари во моментот на поднесување на барањето за засновање на посвојување.
- (3) Ако брачните другари заеднички посвојуваат, а немаат заедничко државјанство, меродавно е правото на државата во која брачните другари имаат заедничко вообичаено престојувалиште во моментот на поднесувањето на барањето за засновање на посвојување.
- (4) За формата на посвојувањето меродавно е правото на местото каде што се засновува посвојувањето.

# Признавање и извршување – исклучива надлежност (чл.160)



- Странска судска одлука нема да се признае ако во односната работа постои исклучива надлежност на суд или на друг орган на Република Северна Македонија, освен доколку со овој закон на странките им е дозволено да поведат постапка пред странски суд за одреден спор за кој е предвидена исклучива надлежност на суд на Република Северна Македонија.

# Признавање и извршување – јавен поредок (чл.163)

- Странската судска одлука нема да се признае, ако дејството на нејзиното признавање очигледно е во спротивност со јавниот поредок на Република Северна Македонија.

